**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

Врз основа на Програмата на активности од областа на заштита на животната средина на подрачјето на градот Скопје за 2025 година („Службен гласник на Град Скопје“ бр.16/24), Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на финансиски средства за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на градот Скопје за набавени поекономични форми на загревање-високо ефикасни инвертер клима уреди за затоплување бр.08–5934/1 од 07.06.2023 година и бр. 08-3117/1 од 28.03.2025 година Град Скопје објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

**за субвенционирање на граѓаните на градот Скопје за поекономични форми на загревање - високоефикасни инвертер клима уреди за затоплување за 2025 година**

## 1. Опис на Јавниот повик

1.1. Градот Скопје, со цел да ги стимулира жителите на град Скопје (домаќинствата) за употреба на високоефикасни инвертер клима уреди за затоплување на своите домови, кои се поекономични, енергетски поефикасни и еколошки прифатливи за околината, на жителите кои имаат купено високоефикасен инвертер клима уред во 2025 година ќе им ги надомести трошоците направени при набавка на уредот најмногу до 20.000,00 денари во нето износ по домаќинство. Данокот на личен доход ќе биде на товар на Град Скопје.

1.2. Јавниот повик ќе трае од денот на неговото објавување до исцрпување на предвидените финансиски средства од Буџетот на Град Скопје за 2025 година за оваа намена но не подоцна од 31 Октомври 2025 година, во зависност од тоа кој услов ќе настапи прв.

1.3. Доколку бидат исцрпени сите предвидени финансиски средства од Буџетот на Град Скопје за оваа намена, Градот Скопје ќе ја информира јавноста на својата веб страна дека Јавниот повик е прекинат пред истекот на периодот за кој е објавен.

1.4. Јавниот повик ќе се реализира по редослед на аплицирање, односно по дата и време на аплицирање и по испратена потврда за предадена печка.

## 2. Право на учество на Јавниот повик:

2.1 Право на учество на Јавниот повик имаат жители на градот Скопје (општините: Аеродром, Гази Баба, Кисела Вода, Карпош, Чаир, Шуто Оризари, Центар, Ѓорче Петров, Бутел и Сарај), кои имаат купено високоефикасен инвертер клима уред за затоплување на своето домаќинство (станбен објект) во период од 01.01.2025 година се до завршување на Јавниот повик ќе поднесат барање за надоместување на трошоците.

2.2 На Јавниот повик имаат право на учество две или повеќе домаќинства кои живеат по лична карта на иста адреса, исклучиво со приложен доказ дека станува збор за одвоени домаќинства (сметки за различни броила за електрична енергија или со различен имотен лист).

## 3. Услови што треба да ги исполни барателот:

3.1. Барателот треба да ги исполни следните услови:

- да има живеалиште на подрачјето на град Скопје (општините: Аеродром, Гази Баба, Кисела Вода, Карпош, Чаир, Шуто Оризари, Центар, Ѓорче Петров, Бутел и Сарај), на адреса по лична карта каде користи печка/и и истата ќе ја замени со високоефикасен инвертер клима уред/и;
- да нема искористено субвенции за затоплување (печки на пелети/инвертери) на своето домаќинство (станбен објект) од Градот Скопје;

- да е корисник на печка/и на јаглен, дрва, нафта или мазут;
- да ја предаде постојната печка/и на јаглен, дрва, нафта или мазут на Град Скопје или на службите на јавните претпријатија на Град Скопје, исклучиво по добивање известување за место и време на предавање на печката, по електронски пат од страна на Комисијата. Обврска на барателот е да ја предаде печката/ите за која доставил фотографија/ии на претходно користената печка/и во барањето, во спротивно нема да биде одобрено субвенционирање поради неисполнување на бараните услови;
- набавениот/ите уред/и да биде купен во 2025 година, во период од 01.01.2025 година, се до завршување на Јавниот повик и истиот/те да биде инсталиран на адресата на живеење наведена во личната карта на барателот;
- набавениот/ите уред/и задолжително да ги има најмалку следните карактеристики: да има најмалку COP 3.5, да грее на надворешна температура од -15°C и биде/ат најмалку A+ енергетска класа за потрошувачка на електрична енергија за греење;
- станбениот објект да не е во фаза на градба и во него барателот да живее;
- да нема приклучок на градско централно греење во станбениот објект каде што ќе биде инсталиран уредот, без оглед на тоа дали го користи или бил корисник;
- да нема техничка можност за приклучок на системот за централно греење во реони каде има градско централно греење;

3.2. Само едно лице по домаќинство може да поднесе едно барање за добивање надоместок при што барањето може да опфаќа еден или повеќе уреди, но барателот мора да ги исполни условите од јавниот повик за сите уреди, да предаде онолку печки колку што ќе набави уреди, а надоместокот за трошоците направени при набавката за сите уреди ќе биде најмногу до 20.000,00 денари во нето износ.

3.3. Повеќе домаќинства кои се водат на иста адреса задолжително да доставаат сметки од различни броила за електрична енергија или имотен лист како доказ дека се посебни одвоени домаќинства.

3.4. Барателите кои имаат живеалиште во станбени објекти во реони каде има градско централно греење, задолжително да прибават и доставаат потврда дека не се приклучени и немаат техничка можност на приклучување на истото.

**Напомена: Барателот мора да ги исполнува сите горенаведени услови за неговото барање да биде усвоено. Во спротивно Комисијата доставува предлог до Градоначалникот на Град Скопје за неусвојување на барањето.**

## 4. Начин на пријавување на Јавниот повик

4.1. За надоместување на трошоците и докажување дека условите се исполнети, барателот до Град Скопје треба да достави:

- Барање за надоместок (Барањето може да се подигне во архивата на Град Скопје или да се обезбеди од интернет страницата на Град Скопје: www.skopje.gov.mk);
- фотографија од печката/ите на дрва, јаглен, нафта или мазут која се користи и која истата/те ќе треба да биде предадена/ни по добиено електронско известување од Комисијата; Обврска на барателот е да ја предаде печката/ите за која доставил фотографија од претходно користената печка/и прилог на барањето, во спротивно нема да биде одобрено субвенционирање поради неисполнување на бараниот услов;
- нотарски заверена изјава дека доброволно и без надомест ќе ја/ги предаде постојната/ите печка/и (предходно фотографирана/и) на дрва, јаглен, нафта или мазут на Град Скопје или на службите на јавните претпријатија на Град Скопје и дека нема искористено субвенции за затоплување (печки на пелети/инвертери) на своето домаќинство (станбен објект) од Град Скопје, како и согласност дека неговите лични податоци ќе се користат исклучиво за ова субвенционирање (пример од изјавата ќе биде објавен на интернет страницата на Град Скопје (www.skopje.gov.mk);
- оригинална потврда/потврди, заверена/и со потпис и печат од продавачот, дека набавениот/те инвертер клима уред/и е/се високоефикасен/ни т.е. ги исполнува/ат следните минимални карактеристики: има најмалку COP 3.5, грее на надворешна температура од -15°C и да биде најмалку A+ енергетска класа за потрошувачка на електрична енергија за греење (пример на потврдата ќе може да се подигне во архива на Град Скопје и ќе биде објавен на интернет страницата на Град Скопје: www.skopje.gov.mk);

- доказ дека е извршено купување во 2025 година и тоа оригинал фискална сметка/и или фактура со прилог извод од деловна банка за извршена уплата во целост или фактура со прилог уплатница - уплата во целост;
- копија од трансакциска сметка исклучиво лична на барателот (не ополномоштена од трето лице) ;
- сметки од броила за електрична енергија или различен имотен лист како доказ дека се посебни одвоени домаќинства на иста адреса на живеење;
- Барателите кои имаат живеалиште во станбени објекти во реони каде има градско централно греење, задолжително да прибават и доставaт потврда дека не се приклучени и немаат техничка можност на приклучување на истото;
- копија/и оригинална/и потврда/и, заверена/и со потпис и печат од Град Скопје или од службите на јавните претпријатија на Град Скопје, дека старата/ите печка/и е/се предадена/ни. Потврдата содржи: име, презиме и адреса на барателот, место и датум на предавање, како и идентификационен број на апликација, и се поднесува дополнително исклучиво по добиено известување по електронски пат од страна на Комисијата дека истата може да ја предаде.
- Барателите кои имаат живеалиште во реони каде има градско централно греење, да поднесат потврда дека не се приклучени на градско централно греење и немаат техничка можност за приклучување на истото (потврда од ЕСМ-снабдување со топлина „Елем Енергетика" или Топлана „Скопје Север„ - во зависност од реонот на живеење).

4.2. Барателот треба да го достави барањето и документацијата во прилог во затворен плик со натпис До „Комисија за субвенционирање на граѓаните за поекономични форми на загревање-високоефикасни инвертер клима уреди за затоплување за 2025 година во архивата на Град Скопје, на адреса бул.Илинден бр.82, секој работен ден од 08:30 до 15:00 часот.

4.3. Пристигнатите барања со пропратната документација во архивата на Град Скопје ќе бидат евидентирани со точното време на поднесување (датум, час и минута), поради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат барањата.

4.4. Комисијата го задржува правото да излезе на терен и да го провери користениот уред - печка за затоплување кој истиот подоцна ќе биде споредeн при предавање. Исто така во случај на неуредна (не читлива) документација, Комисијата го задржува правото да побара дополна по електронски пат која ќе треба да се изврши во рок од 7 дена од денот на известување. Доколку дополната не е извршена во предвидениот рок, Поднесената документација во прилог на барањето ќе се смета за нецелосна и некомплетна.

**Напомена: Барателот мора да приложи комплетна документација во прилог на барањето согласно точка 4. Во спротивно, барањето ќе му биде отфрлено.**

**5. Начин на спроведување на јавниот повик**

5.1. Градоначалникот на Град Скопје формира Комисија за спроведување на Јавниот повик која ќе ја спроведе постапката во четири фази:

- во првата фаза Комисијата ги разгледува пристигнатите барања, поради утврдување на редоследот по кој ќе се разгледуваат барањата,
- во втората фаза Комисијата врши детален увид во уредно доставената документација од точка 4 заради утврдување на исполнување на условите од точка 3 на овој Јавен повик,
- во трета фаза Комисијата ги известува барателите кои ги исполнуваат условите по електронски пат за местото и времето на предавање на печка/ите, каде што ќе врши споредба на предадените печки со фотографиите на печките од барањето,
- во четврта фаза Комисијата врши преглед на потврдите за предадените печки и ги приклучува кон уредно доставената документација.

5.2. Комисијата го задржува правото да изврши теренски увид кај баратели кои имаат доставено уредна и комплетна документација за да утврди дека ги исполниле условите од

овој Јавен повик. Барателот е должен да и овозможи пристап на Комисијата до станбениот објект и просторијата во која се инсталирани печката, а подоцна и набавениот високоефикасен инвертер клима уред.

5.3. За пристигнатите и обработени барања од точка 5, потточка 5.1 алинеја 1, ќе се води листа со следните податоци:
- име, презиме и адреса;
- датум и час на пристигнатата пријава на Јавниот повик, и
- износ на надоместокот за барателот.

5.4. Исплатата на одобрените средства ќе се врши според редот на пристигнати барања според дата и време на аплицирање и комплетирана потврда за предадена печка, по претходно донесени решенија за усвојување на барањата од страна на Градоначалникот на Град Скопје.

5.5. Во текот на постапката Комисијата го задржува правото на увид во станбениот објект и просторија во која е инсталирана печката со цел утврдување на веродостојноста на користење на печка која загадува, а подоцна и на инсталираниот клима уред.
Воедно, по завршување на целокупната постапка барателот треба да овозможи пристап на Комисијата до домаќинството и просторијата во која е инсталиран уредот и во наредните 2 години, по завршување на Јавниот повик.

5.6. Градоначалникот на Град Скопје на предлог на Комисијата носи решение за усвојување на барањето за барателите кои ги исполниле условите од овој Јавен повик, а во случај на неусвојување на барањето на предлог на Комисијата, Град Скопје дава писмено известување за неусвојувањето.